# ДЕНЕС

# DENES

ГОДИШНАНАГРАДАЗА 1
МЛАДИЛИКОВЕНУМЕТНИК

YOUNGVISUALARTIST 1
ANNUALAWARD

ANNUALAWARD
YOUNGVISUALARTIST 0



## ФИЛИП ЈОВАНОВСКИ / НЕ ЗЈАПАЈТЕ РОМАНТИЧНО!

Поставката преставува просторна реплика/репродукција на сликата Слобода на барикадите на Делакроа реферирајки на одново дефинирање на идеалот за слободата во денешен контекст.
Идејата за реплика на историско дело е обид за поставување и реконтекстуализирање(одново откривање) на значењето за правење на уметничко дело од една страна, а од друга потенцирајки ги локалните квалитети и создавање на автентичен етсетски израз (и ние имаме своја историја на уметност, и ние имаме своја слобода), со еден збор холограми треба да се прават во Јапонија, а во Македонија швајцувани железа.
Но не во иронична смисла, него напротив во смисла на создавање на сопствен идентитет во смисла на тоа дека не постои чиста идеја, идејата мора да произлегува од материјалните можности и квалитети на контекстот.
Оттука се поставува и прашањето за доживувањето и претсаавувањето на уметничката форма во одреден контекст.
Како одново да ги откриеме значењата и на контекстот кој што ни е однапред даден но и на контекстот што треба да се редефинира?
Оваа поставка создава нов контекст кој реферира пред се на Идеалот на слободата на Брехт(Не зјапајте романтично!, Тапани во Нокта) на идеалот на слободата низ историјата на уметност, а тоа е Слобода на барикадите на Делакроа, и на идеалот на слободата во социјален контекст, а тоа е аудио цитатот на говорот на Стево Жигон пред студентите во Беград 1968 година цитирајки го Робесјпер од Смртта на Дантон.
Проектот претставува фрагмент/меморија за одноводоживување на идеалот за слободата, во денешен контекст. Одново преигурвање на историјата, имитирање и реферирање на симболот на револицијата со наши примитивн средства и со тоа освестување на самиот порив и можност таа слобода да се доживее, да се ослободиме и формално и содржински од значењата на контекстот и да создадеме сосптвени алатки во градење на личниот идентитет. Слободата е таква каква што е, а не така како што ја замислуваме!
Не зјапајте романтично!

## FILIP JOVANOVSKI / DON'T STARE SO ROMANTICALLY!

The exhibition is a spatial replica/reproduction of Delacroix's Liberty leading the people referring to the definition of the ideal of freedom anew.
On the one hand the idea to a produce a replica of this historic piece of art is an attempt to set and re-contextualize the meaning of art-making once again. On the other hand, it emphasizes the local qualities and the authentic aesthetics (we also have history of arts of our own, we also have freedom of our own). In other words, holograms should be made in Japan, while iron should be welded in Macedonia.
This is not to be said ironically, on the contrary, it is to be said in terms of creating one's own identity so that there is no pure idea, the idea has to emerge out of the material possibilities and the quality of the context.
The question of experiencing and presenting the artistic form in certain context arises: how to discover the meanings of the existing context once again, but also to rediscover the context that has to be redefined as well?
The exposition creates new context referring to Brecht's ideal of freedom (Don't stare so romantically! Drums in the night) to the ideal of freedom in the history of art i.e. Delacroix' s Liberty leading the people and the ideal of freedom in the social context which is the audio quote of Robespierre's Danton's death in Stevo Zigon's speech in front of the students in Belgrade. 1968.
The project is a fragment/memory of experiencing the ideal of the freedom anew, in the current context. It deals with replaying history once again, imitating and referring to the symbol of revolution with our primitive devices thus bringing to one's senses the urge and the possibility for such freedom to be experienced, to liberate ourselves in terms of form and content from the meaning of the context and to create our own tools in construction of the personal identity. Freedom is as it is, not the way we think it is!
Don't stare so romantically!

Филип Јовановски, роден во Битола 1979., визуелен уметник. Дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје. Учествувал на повеќе театарски фестивали, видео и филмски фестивали во Европа, Јапонија, Америка, Србија, Словенија и Хрватска. Работел како организатор и куратор на неколку групни регионални изложби во склоп на АКТО фестивалот за современа уметност (2006-2009), креативни кампови (AVA DDB 2008-2009). Досега има направено неколку самостојни и групни изложби, околу 30 графички решенија, 20 сценографии за театраски претстави, 10 видеа, кратки и документарни филмови.

Filip Jovanovski born in Bitola, 1979., visual artist. BA in Faculty of architecture in Skopje. With his work, he explores the border in –between different media and their interdisciplinary connection, design, theater, video, film, installations.
Considering the space as the essential element that defines architecture in its all different ways of perception, in his artworks he deals with transformation of that category in different ways of sensation. He took part in several theatre festivals, video festivals and film festivals in Europe, Japan, USA, Serbia, Slovenia and Croatia. He organized and curated several group exhibitions within Akto Festival for Contemporary Arts ( 2006-2009), creative campaigns (AVA DDB – advertising agency. He made over 20 stage designs,10 video works, short and documentaries films.

Contact: Address: Hristo Uzunov 3E, 7000 Bitola
E-mail: filipsj@yahoo.com, filipsj@gmail.com, Tel: 00 389 70 700 998



## БЛАГОЈЧЕ НАУМОВСКИ - БАНЕ / IN –OUT - ILUMINATION

*„Животот раѓа живот. Енергијата раѓа енергија." (Сара Бернард)*
***Универзумот е само енергија, кондензирана во бавна вибрација, сите ние сме една свест која субјективно ја доживуваме.***

Во првиот дел од решението говорам за две форми на енергија (Протомордијална и трансцедентална енергија кои што се практична примена на извор на енергија од чија што основа се извлекува енергија) не мислам дека во суштина тие се различни.
Она што ние го носиме во себе, онаа што во решението ја нарекувам „трансцедентална енергија" на самото наше битие и она што постојано се восприема од надвор, онаа енергија што јас ја нарекувам протомордијална (таа може да биде и секоја друга енергија околу нас), е трансцедентaлност на нашето битие изразена низ нејзината енергија носејќи ја во себе и емитирајќи ја надвор од себе, при тоа воведувајќи една симбиоза со протомордиалноста на стварноста, односно со нејзината енергија.
Во вториот дел го имплицирам проблемот на енергијата сега во сосема поинаков медиум, проширувајќи го концептот за енергијата гледајќи од аспект на источните мистици, така што во едниот сегмент од решението се работи за духовен проток на енергијата и енергетското поле кое ја опкружува секоја личност, место и тело, додека во другиот експериментирањето на модерната физика и во двата дела изразено преку цртежот.
Дојдов до поразлична претстава за нераскинливата целовитост во која се порекнува „онаа" идеја за енергијата која што е околу нас, што може да се анализира на делови што постојат независно и разделено едни од други.
Во целиот тој процес помагаат енергетските структури кои покажуваат како духот може слободно да се движи; како духовните согледувања си доаѓаат сами по себе, без никаков напор, како се појавуваат од длабочините на свеста така што сето тоа резултира со кулминација на една илуминација.

## BLAGOJCE NAUMOVSKI / IN –OUT - ILUMINATION

*"Life begets life. Energy creates energy." (Sarah Bernhardt)*
***The Universe is just energy, condensed in slow vibration, and we are all one conscience that we experience subjectively.***

In the first part of the solution I speak for two forms of energy proto - mordial and transcendental energies that are application of the source of energy in practice from the basis of which energy is extracted.
What we bear in ourselves, what I call in my project solution a "transcendental energy" of our very being, and what is constantly perceived from the outside, that energy I call proto - mordial (it can also be any other energy around us), is transcendentalism of our being expressed via its energy, carrying it within and emitting it without while introducing a symbiosis with proto - mordiality of reality, that is its energy.
In the second part I implied the problem of energy but now in a completely different medium, by expanding the concept of energy with the point of view of Eastern mystics so that in one segment of the solution, the issue is about a spiritual flow of energy and the energy field surrounding every person, place and body, while in another, experimenting in modern physics in both parts is expressed via drawing.
I came to a more different notion of the unbreakable whole in which "that" idea of energy surrounding us is challenged, which can be analysed on the parts that exist independently of each other.
The whole process is aided by energy structures that show how the spirit can move freely; how spiritual perceptions are coming all by themselves, without any effort, how they emerge from the depth of conscience thus resulting with culmination of an illumination.

**Благојче Наумоски – Бане**, роден во Кичево, 1985. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, педагошки отсег насока сликарство во класата на проф.Рубин Корубин, 2007. Магистрирал кај проф. Јован Шумковски, 2009. **Селектирани самостојни изложби:** 2011 – Промоција (изложба) на ликовна книга – објект "Скици за осврт во неколку концепти", Мултимедијален центар Мала Станица (НГМ), Скопје / 2010 - "IN – OUT – ENERGY VIA IN – OUT – IDENTITY"- Прима Центар Берлин (ПЦБ), Берлин / 2009 - Магистерска изложба "Енергија во елементи - Простор во простор- Визуелноста на просторноста на квантумот, " Музеј на современа уметност (МСУ), Скопје / - "Поглед низ пресеци", Младински Културен Центар (МКЦ), Скопје

**Blagojche Naumoski – Bane**, born in Kicevo, 1985. Faculty of Fine Arts at the University of "St. Cyril and Methodius" Skopje, Pedagogical department of art direction in the class of Professor Rubin Korubin, 2007. Masters Degree under Professor Jovan Sumkovski, 2009. **Selected solo exhibitions:** 2011 - Promotion – exhibition of art book – object "Review sketches in several concepts" Multimedia Centre Mala Stanica (NGM) – Skopje / 2010 - "IN - OUT - ENERGY VIA IN - OUT - IDENTITY" - Prima Center Berlin (PCB) - Berlin / 2009 - Masters exhibition "Energy in the elements - the space in space-visual spaciousness of quantum" Museum of Contemporary Art (MOCA) - Skopje / "Look through the sections", Youth Cultural Center (MCC), Skopje

**Contact:** e- mail: blagojce.n@gmail.com;
tel: +0389 75 720266; Website: www.artofbane.iblogger.org;
http://www.artslant.com/ber/artists/show/107733-naumoski-blagojche-bane




## ЕЛИ АИНОСКА ХРИСТОВСКА / "IN GOD WE TRUST"

"In God We Trust", е дело од циклусот "o'tempora, o'mores", истражувачки проект преку кого се прикажуваат земските парадоксални нешта. Се прикажува новата стварност преку една авангардната мисла која изнаоѓа нов начин на изразување и на која и припаѓа задачата преку дискусии, полемики ,дела т.е на било каков начин да ги прикаже резултатите од новонастанатите "проблеми"- апсурдни нешта пред кои свесно замижуваме.
Во дело фигурираат неколку прашања, првенствено на кого се молиме, кој е нашиот Бог, дали Бог ги реализира нашите желби, барања, молитви или пак дали тие ќе бидат остварени доколку ние едноставно би ги поседувале токму нив- парите.И токму со ова се прави едно поклопување :бог=пари, пари=бог.
Одговор нема. Останува само да се надоврземе на Дидро кој поставуваше проблеми, а не изнаоѓаше решение за нив.Тој ја забележа разликата меѓу уметничкото дело и непосредната реалност, свати дека уметничкото дело кое со обработка произлегува од реалноста поставува само низа прашања.

## ELI AINOSKA HRISTOVSKA / "IN GOD WE TRUST"

The work "In God We Trust" is part of the cycle "o'tempora, o'mores', which is an exploring project showing the earthly paradox issues. The new reality is shown through a progressive thought that is finding a new way of expression and whose task belongs by discussions, debates (polemics), works... i.e. showing the results of the newly created "problems" in any way – the absurd issues we shut our eyes in front of.
Few questions are present, mainly referring on who do we pray to, who is our God, does God turn our wishes, desires, prays into reality, or whether all that is going to be fulfilled if we simply just own it – the money. And thus is the match: God = money, money = God.
There is no solution. It only remains to add upon Didro who set questions but found no answers. He noticed the difference between the art work and the immediate reality, realizing that the art work created by the reality's production sets only series of questions.

**Ели Аиноска Христовска** родена во Охрид, 1980. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, отсек сликарство во класата проф. Симон Шемов. Магистрирала кај проф. Мирко Вујисиќ, 2010.
**Селектирани самостојни изложби:** 2011- Ноќен клуб "Jazz inn" , мултимедијален проект Маски, Охрид / 2010 – Битола Отворен Град, изложување на отворено "Двојно кодирање", Битола / Двојно Кодирање ", Национална галерија на Македонија - "Чифте Амам", Скопје
**Селектирани групни изложби:** 2010 - "European Contemporary Print Triennial",Тулуз, Франција / 2009 - Галерија Остен, изложба на цртежи, / Изложба на мал формат, Дом на АРМ, Скопје / 2007- Уметнички дијалози", Мала станица, Скопје / Gallery MC, Њујорк, Америка.

**Eli Ainoska Hristovska** born in Ohrid, 1980. Faculty of Fine Arts at the University of "St. Cyril and Methodius" Skopje, painting department, conservation and restoration section in the class of professor Simon Shemov. Masters Degree under Professor Mirko Vujisic, 2010.
**Selected solo exhibitions:** 2011- Night club "Jazz inn" multimedia project "Masks", Ohrid / 2010 - Bitola Open City, on open space, Bitola / "Double coding", National Gallery of Macedonia - "Cifte amam", Skopje
**Selected group exhibitions:** 2010 - European Contemporary Print Triennial, Toulouse, France / 2009 - Gallery Osten – drawings exhibition, Skopje / Small format exhibition, Dom na ARM, Skopje / 2007- Theme Art Dialogues, Mala Stanica, Skopje / Gallery MC, New York, USA

**Contact:** Address: str. „7 Noemvri" 270, 1/4, MK-6000, Ohrid, Macedonia
Cell: +389 75 724 406; e-mail: elli.aini8@gmail.com;
**Web site:** http://www.behance.net/eliain; http://www.eliain.daportfolio.com



## ИЛИЈА ПРОКОПИЕВ / СТУДИИ ЗА МНОГУ ГОЛЕМИ ЦРТЕЖИ

Од минатогодишната изложба до денес, цртежите, не само што нараснаа во број туку вистински порaснаа во димензии. Таквата тенденција на растење, е поради мојот главен интерес насочен кон ликовните и визуелните можности на просторот. Идејата за просторот и просторноста, најшироко сфатени, се главниот метод преку кој ги анализирам и интерпретирам секојдневните (и личните), историските и културните слики, појави и иновации. Темите и мотивите се слободни и асоцијативни. Причините за оваа просторна опсесија која ме води до најразлични експерименти, решенија и резултати, не можам да ги лоцирам но апсолутно сум сигурен дека поради неа не се плашам кога ќе се заглавам во лифт.

## ILIJA PROKOPIEV / STUDIES FOR A VERY LARGE DRAWINGS

Since last exhibition, my drawings not only rose in number but grew in dimensions as well. Such a tendency of growth is because my main interests are focused on plastic and visual possibilities of space. The idea of space and spatiality, in a broad sense, becomes my personal method for analyzing and interpreting the personal, historical and cultural images, phenomena and innovations. The themes and motifs are supposed to look free and associative to the observer. The reasons for this obsession with the space that leads me to the various of experiments, solutions and results, cannot be pinpointed. But I am absolutely sure, that is the reason why I'm not afraid to stuck in the elevator.

**Илија Прокопиев**, роден во Скопје, 1985. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, сликарски оддел, во класата на проф. Антони Мазневски, 2008. Досега, на публиката и се претставил со три самостојни изложби: Културниот центар E-Werk, Фрајбург, Германија, Културниот центар ЦК и Отворено графичко студио, Скопје. Има учествувано и на повеќе групни изложби и проекти во земјата и во странство. Се појавува и како илустратор на книги , а како постдипломец на интердисциплинарните културолошки студии во Скопје при Институтот за македонска литература пишува и објавува текстови од областа на културата и ликовната уметност.

**Ilija Prokopiev**, Born in Skopje, 1985. Faculty of Fine Arts in Skopje, painting department in the class of the Professor Antoni Maznevski, 2009. So far, he has realized three solo exhibitions: Cultural Center, E-Werk, Freiburg,Germany, Cultural Center CK and Open Graphic Studio Gallery, Skopje, Macedonia. He has participated in many group exhibitions and projects in Macedonia and abroad. Appears as a book illustrator and as a postgraduate student at interdisciplinary cultural studies in Skopje at the Institute of Macedonian literature, writes and publishes articles in the field of culture and art.

**Contact:**
Address: bul. Partizanski Odredi 62-1/4, 1000 Skopje;
tel.: ++389 71 258 738;
e-mail: ikoprokopiev@gmail.com

## ГОДИШНА НАГРАДА ЗА МЛАД ЛИКОВЕН УМЕТНИК ДЕНЕС

Партнери во проектот:
Фондација за цивилно општество, Њујорк, САД
Фондација Институт отворено општество – Македонија
Музеј на град Скопје

**Координатори на проектот:**
Анита Ивковиќ, историчар на уметноста
Никола Писарев, историчар на уметноста

**Жири:**
Лазо Плавевски, историчар на уметноста
Исмет Рамиќевиќ, уметник
Кристина Божурска, уметник

**Издавач:**
Центар за современи уметности – Скопје
За издавачот: Анита Ивковиќ
Графичко–техничко обликување: Фусион
Печат: Фусион
Копии: 300
Скопје, 2011

## YOUNG VISUAL ARTIST ANNUAL AWARDS DENES

**Partners of the project:**
The Foundation for a Civil Society, New York, USA
Foundation Open Society Institute Macedonia
Museum of the City of Skopje

**Coordinators of the project:**
Anita Ivkovic, art historian
Nikola Pisarev, art historian

**Jury:**
Lazo Plavevski, art historian
Ismet Ramicevic, artist
Kristina Bozurska, artist

**Publisher:**
Contemporary Art Center – Skopje
Editor in chief: Anita Ivkovik
Lay – out: FUSION
Printed by: FUSION
Copies: 300
Skopje, 2011

ISBN 9989-745-79-X
©2011 by CAC - Skopje

Изложбата е финасиски поддржана од:
Град Скопје и Министерство за култура на Р. Македонија
The Exhibition is financial supported by City of Skopje and
Ministry of culture of R. Macedonia

CAC the contemporary art center

Министерство за култура

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

The Foundation
For a Civil Society
New York, USA